# *Полиᴛика на деловно рабоᴛење на комᴨанијаᴛа "Bato&Divajn"*

Графички центар „Bato&Divajn" ги интегрира сегментите за Графички дизајн, Компјутерска подготовка, Безбедносен печат и Печатарски услуги, преку што е овозможена комплетна реализација од идеја до финален производ. Имајќи проевропска ориентација во своето работење, компанијата користи софистицирани системи и методи на работа кои континуирано се подобруваат и унапредуваат.

Преку својата политика на деловно работење компанијата ги истакнува примарните определби за пресретнување, остварување и евалуирање на барањата за квалитет, заштита на животната средина и заштита на вработените при работа. За таа цел, стожер на управувањето на компанијата е раководење согласно принципите на менаџмент системите ISO 9001:2015, ISO 14001:2015 и OHSAS 18001:2007.

- Интензивно комуницирање со секој клиент за остварување уникатност и апсолутен квалитет на неговите барања;
- Следење и остварување на барањата на нашите клиенти во однос на бараниот квалитет на производот, неговата цена, навремена испорака и пост - продажен сервис;
- Континуирано додавање вредност на секој производ, сервис и процес на работа, преку следење, анализирање и реакција во секое менаџмент ниво;
- Создавање на средина во која секој од вработените во **"Bato&Divajn"**, ќе се усовршува, развива и обучува за ефикасно и мотивирано завршување на работните задачи;
- Следење на светските индустриски техничко–технолошки трендови и навремено усовршување на технологијата на работа и сопствениот "Know-How", со цел дистрибуција на светски препознатлив производ, услуга и лидерство во регионот;
- Комплетна грижа за човековата околина, заштита од загадување, зачувување на енергијата и природните ресурси, постојано подобрување на влијанието врз животната средина, како и придржување до правните легислативи на државата.
- Компанијата се грижи за безбедноста и заштитата на вработените и имотот од било какви повреди, несакани влијанија кои ги мери, контролира и управува за создавање на подобри работни услови.
- Политиката за квалитет која ги опфаќа трите имплементирани менаџмент системи е јавно достапна преку интернет страницата на компанијата, и комуницирана помеѓу вработените.

Генерален менаџер
Новица Шотаровски

Сопственик
Зоран Росоманов